Проектот е финансиран
од Европската Унија

**ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ**

**БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ – за ангажирање на двајца обучувачи за обука во рамките на проектот „ Гостивар повикува: Ајде на планина!“**

## 1. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### 1.1 Цел

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) објавува повик за: **ангажирање на двајца обучувачи за спроведување на две дводневни обуки.**

**Првата обука има за цел јакнење на капацитетите на бизнис заедницата, занаетчиите, уметниците и други заинтересирани лица за (е-бизнис).**

**Втората обука има за цел развој на капацитетите на туристичките субјекти за онлине продавање на услуги преку онлајн туристички агенции за сместување, резервации и туристички активности (Airbnb, Booking.com, TripAdvisor).**

Обуките се во рамки на проектот **„ Гостивар повикува: Ајде на планина!“, со времетраење од 12 месеци**", кој се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, која е финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)

### 1.2. Намена и очекувани резултати

Намената на Опис на надлежности е да се дефинира опис на задачите, планираниот обем и рок на активностите, како и критериумите врз чија основа ќе се изберат обучувачите.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

### 2.1 Опис на задачата

Избраните обучувачи треба да обезбедат квалитетен модул на обука  и испорака на услугата во времетраење од два дена со цел да ги развијат капацитетите и вештините на бизнис заедницата потребни за користење на алатки во ИТ технологијата за продавање на добра и услуги преку онлине платформите и развивање на капацитетите на постоечките туристички субјекти за онлајн продавање односно користење на постоечките онлине платформи за понудување на своите услуги преку истите.

**2.2** Обука за јакнење на капацитетите на бизнис заедницата, занаетчиите, уметниците и други заинтересирани лица за (е-бизнис)

- Обучувачите ќе биде ангажирани во времетраење од 6 дена, од кои 2 дена подготовка на работни материјали и агенда, 2 дена спроведување обука и 2 дена подготовка на извештај од спореведената обука.

**2.3** Обука за развој на капацитетите на туристичките субјекти за онлине продавање на услуги преку онлајн туристички агенции за сместување, резервации и туристички активности (Airbnb, Booking.com, TripAdvisor)

- Обучувачите ќе биде ангажирани во времетраење од 6 дена, од кои 2 дена подготовка на работни материјали и агенда, 2 дена спроведување обука и 2 дена подготовка на извештај од спореведената обука.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1 Датум на започнување и период на спроведување на задачите

Датумите за спроведување на обуките ќе бидат дополнително дефинирани од страна на АДИ.

**3.2 Услови и начин на плаќање**

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности, односно по завршувањето на обуката и доставување извештај од работата.

## 4. <u>КРИТЕРИУМИ</u>

**4.1** Изборот на обучувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Изборот ќе се направи според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена“.

**4.2 Критериум за експертите**

***Квалификации, професионално искуство и вештини:***

- Високо образование;
- Најмалку 3 години искуство во теми релевантни во повикот, односно искуство во јакнење на капацитетите на бизнис заедницата, занаетчиите, туристичките субјекти;
- Одлични организациски вештини;

## <u>5. ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА</u>

**5.1 Понудата треба да ги содржи следните елементи:**

- Прилог 1. Кратка биографија *(*претставена на некој од општо прифатените обрасци*);*
- Прилог 2. Финансиска понуда по експертски денови
- Прилог 3. Листа на референци од слични ангажмани

**Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:**

| **Р.бр.** | **Услуга** | **Бруто цена во мкд по ден** |
|---|---|---|
| 1 | Подготовка и спроведување на обука | |

**5.2 Начин на доставување на понудите**

Понудата се доставувапо електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: ersan.muharemi@hotmail.com со назнака наведете го: “Повик Реф. Бр. 0507-148"

Краен рок на доставување на понудите е до **24.03.2023 година до 16:00 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.